**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**31 август 2020 година, Гевгелија Број 8 Година XXXИХ**

Врз основа на член 46 став (1) став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 9 став (1) и (4) од Законот за пратениците ("Службен весник на РМ" бр.84/05, 161/08, 51/11, 109/14, 140/18 и 27/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.08.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија

1.На **Ангелинка Петкова**, член на Советот на Општина Гевгелија, и престанува мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија, поради поднесување на оставка заради стапување на функцијата пратеник во Собранието на РСМ, сметајќи од 04.08.2020 година како ден на верификација на мандатот на пратеникот.

2.Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1306/1
27.08.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.08.2020 година, разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

# РЕШЕНИЕ

## За верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на општина Гевгелија, **Анета Стамкова**, од листата на кандидати на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1307/1
27.08.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.08.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2020 година, предложен од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на Општина Гевгелија, Измената на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2020 година, да ја достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1308/1
27.08.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.08.2020 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2021 година**